СОЈУЗ НА МАТЕМАТИЧАРИ
НА МАКЕДОНИЈА
Архимедова 3,
1000, Скопје, Северна Македонија
e-mail: sojuz.na.matematicari@gmail.com
www.smm.org.mk 070352596

UNION OF MATHEMATICIANS
OF MACEDONIA
Arhimedova 3
1000, Skopje, North Macedonia
e-mail: sojuz.na.matematicari@gmail.com
www.smm.org.mk 070352596

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: 24 JAN 2025
Орг. един | Број/Numri | Прилог/Shtojcë | Вредност/Vlera

До
Министерката за образование и наука
на Република Северна Македонија

# Б А Р А Њ Е

од Сојуз на математичари на Македонија

Почитувана Министерке,

Со ова писмо СММ настојува да ви ја пренесе актуелната состојба во училиштата и потребите на наставниците по математика од Република Северна Македонија. Имено сите, едногласно, се сложуваат дека е потребно намалување на неделниот фонд на наставни часови за наставниците по математика.

1. Сложеноста на содржините во наставниот предмет математика, честите промени на наставната програма, потребата од задржување на континуитет во наставата, вклучување на повисоки мисловни процеси на наставниците во текот на наставата, различноста на предзнаењата кај учениците и нивната способност за следење на наставата по математика, тешкотиите при совладувањето на наставните содржини се една страна од актуелната состојба.

2. Напредокот на науката и технологијата, напливот на голем број информации потребни на учениците за вклучување во современите текови во образованието, наложува и потреба од вклучување на нови наставни форми и методи. Тоа наложува и поголем ангажман на наставниците по математика, како од технички, така и од логички аспект, односно користење и на современи таксономии при планирање на наставата и поставување на воспитно-образовните цели.

3. Денес не е доволно само да се има знаење по математика, туку тоа знаење и да се примени. Еден дел од тоа опфаќа и примена на математиката при интегрирање на математиката со другите наставни предмети, кое што бара дополнително планирање и истражување. Исто така потребно е на учениците да им се пренесат вистински вештини за решавање на проблеми кои ќе ги подготват за понатамошниот нивни напредок во учењето и работата.

4. Се понагласена е потребата за индивидуализација на наставата, што за наставниците по математика, во однос на наставниците што изведуваат настава по други наставни предмети, бара вложување на труд и дополнително време за дополнително планирање и користење на современи методи за активна настава. Тука ќе ја наведеме и потребата од дополнителни планирања (ИОП) и работа со учениците со посебни образовни потреби.

5. Ќе наведеме дека наставниците во средно училиште – математичка насока реализираат настава и по 6 различни наставни програми. Сето тоа имплицира екстра напор за секој наставник. Во програмите од страна на БРО за оценување на учениците се предвидени и по неколку писмени работи, контролни задачи и тестови по секој наставен предмет посебно, па вкупниот број на

”прегледување на писмени” е понекогаш и 30-40 годишно. Имајќи предвид дека писмените работи не се платени, а по повеќе предмети од други наставни области воопшто не се реализираат, разликата е очигледна.

6. Потребата од часови за дополнителна и додатна настава, неопходна за голем број на ученици, подготовката на учениците за математичките натпревари од секое ниво, само го зголемуваат бројот на часови што наставниците по математика мора да го реализираат.

7. На крајот ќе ги наведеме времето и трудот потребно за подготовка на учениците за успешно положување на матурските испити по математика.

Ова е само дел од она што наставниците по математика треба да го реализираат за време на наставната година. Тука ќе ги наведеме и административните активности, активностите за професионален развој на наставниците, учеството на задолжителните обуки и други училишни и општествени активности, комуникацијата со родителите, емоционалната поддршка на учениците. Сето ова го ограничува слободното време на наставниците по математика, користејќи го за да се завршат работи потребни за во училиште, што значи пробивање на 40 часовната работна недела.

СММ превзема обврска да го пренесе мислењето на наставниците по математика од нашата Република, дека за ефикасна и целисходна реализација на секој аспект од воспитно-образовниот процес по математика, потребно е намалување на неделниот фонд на часови од сегашните 20-23 часови на 17 часови неделно. Со почит и кон другите наставни предмети, Ве замолуваме да го разгледате нашето барање. Се надеваме на позитивен одговор од Ваша страна.

Со почит,

Претседател на СММ

Проф. д-р Ѓорѓи Маркоски

Претседател на СММ

СОЈУЗ НА МАТЕМАТИЧАРИ НА МАКЕДОНИЈА • СММ • СКОПЈЕ